# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

**Број 3 год. XLII**
**Четврток, 03.03.2011**
Битола

**www.bitola.gov.mk**

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општината Битола**

1. Ја објавувам Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.02.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-476/1
03.03.2011 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 17 од Законот за меморијални споменици и спомен-обележја („Сл. весник на РМ“ бр. 66/04) и член 22 точка 18 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.02.2011 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општината Битола**

СПОМЕНИЦИ:

1. Споменик на Даме Груев
2. Реставрација на гробот и надгробната плоча на Павел Шатев
3. Споменик на Македонскиот Цар Гаврило Радомир;
4. Споменик на Главниот штаб на Илинденското востание со ликовите на Даме Груев, Анастас Лозанчев и Борис Сарафов;
5. Споменик на Димитар Илиевски – Мурато во градското подрачје

СПОМЕН БИСТИ:

1. Ѓорги Поп Христов;
2. Пере Тошев;
3. Лазо Трповски;
4. Илија Димовски - Гоце;
5. Васил Чакаларов;
6. Анастас Лозанчев;
7. Димитар Македонски;
8. Кирил Македонски;
9. Д-р. Константин Мишајков;
10. Пандо Клашев;
11. Лазар Поптрајков;
12. Захарија Василева Шумљанска;

13. Павел Шатев;
14. Параскев Цветков;
15. Димитар Влахов

СПОМЕН ПЛОЧИ:

1. Св. Нектариј Битолски;
2. Св. Великомаченик Агата Ангел Битолски;
3. За формирање на Леринско-Костурската бригада;
4. На спомен плоча на училиштето „Ѓорги Сугарев“ за турскиот затвор со имињата на познати револуционери кои таму издржувале казна затвор;
5. На зградата на Музичкото училиште за осудените за самобитноста на Македонија;
6. На куќата на Анастас Лозанчев во Јени Маале ул. Даме Груев бр. 39/41;
7. Спомен обележје за борбите на Битолско-Преспанскиот територијален одред и Леринско-Костурската бригада на комуникацијата Битола-Лерин, кај Бензинската пумпа на излезот кон Грција;

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-390/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.02.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување Програмата за одбележување на позначајни историски и културни настани за 2011 година во Општината Битола

1. Ја објавувам Програмата за одбележување на позначајни историски и културни настани за 2011 година во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.02.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-476/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.02.2011 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за одбележување на позначајни историски и културни настани за 2011 година во Општината Битола

**Јануари:**

- 18 Јануари, 140 години од раѓањето на Даме Груев (18.01.1871)
- 27 Јануари, почина Богоја Фотев (1900-27.01.1993г)
- 30 Јануари 1951г. Одбележување 60 години од смртта на Павел Шатев

**Февруари:**

- 3 февруари 1978г. Смртта на народниот херој – генералот Васко Карангелевски
- 4 Февруари 1872 г. Роден е Гоце Делчев (положување цвеќе на бистата)

**Март:**

- 5 Март – Одбележување на смртта на Милтон Манаки (1882-1964) Положување цвеќе на влашките гробишта – Битола;
- 8 Март – Денот на жената;
- 11 Март 1943 г. – Депортирање на Битолските евреи (посета на споменикот и положување цвеќе во соработка со Сојуз на борци и Друштвото за македонско-еврејско пријателство);

- 11 Март – Св. Великомаченик Агатангел Битолски ;
- 13 Март 2006г. Одбележување 5 години од смртта на Димитрие Османли
- 25 Март 1881 г. – Отворено читалиштето „Просвештение“ во Битола; (јубилеј 130 години)

**Април:**

- 5 Април 1906г.– смртта на Ѓорги Сугарев и неговата чета (положување на цвеќе на Бистата спроти Јавор) ;
- 22 Април 1942 г. – формирање на Битолскиот партизански одред „Пелистер“ (Општина Битола во соработка со Сојуз на Борци) ;
- 22 Април 1915 г. – убиен е македонскиот революционер Јане Сандански (Положување цвеќе во соработка со СОУ „Јане Сандански“ - Битола) ;
- 28 Април 2001 г. – Во тетовското село Вејце загинаа осум припадници на македонските безбедносни сили (положување цвеќе во соработка со МВР) ;

**Мај:**

- 1 Мај – ден на работникот (Општински синдикален совет) ;
- 2-6 Мај 1903 г. е одржан Смилевскиот конгрес на кој е донесена одлуката за кревање на Илинденското востание (Одбележување во соработка со „Здружение на Граѓани за заштита на ликот и делото на Дамјан Груев“ и НУ Завод и музеј во с. Смилево) ;
- 3 Мај 1942 – загинаа Елпида Караманди, Таки Даскало, Димче Хаџипоповски, Томаки Димитровски, Мара Јосифова, Јоска Јорданоски и Оцка Михајловски (положување цвеќе на бистите на шеталиштето) ;
- 4 Мај 1903 – загина Гоце Делчев (положување цвеќе кај спомен куќата) ;
- 5 Мај 1894 – формирање на Окружниот комитет на МРО (Совет на Општина Битола) ;
- 7 Мај – Денот на Македонската полиција (Општина Битола во соработка со МВР) ;
- 9 Мај 1945 – Денот на победата над фашизмот и Ден на Европската Унија (Општина Битола) ;
- 10 Мај – денот на освојување на највисокиот врв на светот Монт Еверест од страна на Димитар Илиевски Муратот (Општината во соработка со планинарскиот клуб Пелистер) ;
- 12 Мај – 90 години од раѓањето на Димче Стефановски-режисер и еден од оснивачите на Битолскиот народен театар.
- 20 Мај 1836 г. – формирање на Противпожарната служба во Битола (Општина Битола во соработка со Противпожарната единица) ;
- 20 Мај 1943г. – Формирање на Народноослободителниот партизански одред Гоце Делчев (Општина Битола во соработка со Сојуз на борци) ;
- 23 Мај – Национален ден на Власите
- 24 Мај – Денот на сесловенските просветители „Св. Кирил и Методиј“ (Општина Битола) ;
- 24 Мај 1981г – 30 години од основањето на Мал Битолски Монмартр

**Јуни:**

- 7 Јуни 2001 г. – загинаа тројца битолски резервисти од воената полиција на АРМ (Положување цвеќе во соработка со МВР и АРМ) ;
- 8 Јуни 1944 г. – формирање на Првата Македонска Народноослободителна Ударна Бригада (Општина Битола со Сојуз на борци) ;
- 23 Јуни 1943 г. – загинал Тодор Ангелевски – Строгов (Општина Битола со основното училиште Тодор Ангелевски);
- 23 Јуни 1943 г. – загинал Панде Кајзерот (положување цвеќе на бистата на шеталиштето) ;

**Јули:**

- 2 Јули 1911 г. – 100 години од раѓањето на Михајло Петрушевски;
- 6 Јули 1942 г. – формирање на Битолско-Преспанскиот Партизански одред Дамјан Груев (Општина Битола со Сојуз на борци) ;

- 7 Јули 1921 г. – 90 години од раѓањето на народниот херој – генералот Васко Карангелевски
- 14 Јули 1907 г. – Битката на ножот (организирање на посета и положување венец „кај Ножот") ;
- 23 Јули 1946 г. – смртта на Мирка Гинова (положување цвеќе на бистата) ;
- 23 Јули 1943 г. – загинал Стефче Христовски – Патако (положување цвеќе на бистата на шеталиштето) ;
- 26 Јули 1926 г. – починал Крсте Петков Мисирков (положување цвеќе пред бистата кај Саат кулата) ;

**Август:**
- 2 Август 1903 г. – Кренато Илинденското востание и одржано Првото заседание на АСНОМ во 1944г.;
- 18 Август – денот на АРМ (Општина Битола) ;
- 22 Август 1944 г. – формирање на Седмата Македонска (Битолска) Народноослободителна ударна бригада (Општина Битола во соработка со Сојуз на борци) ;
- 29 Август 1905 г. – Обесен е македонскиот Војвода Александар Турунџев на битолскиот Ат-Пазар (Положување цвеќе на бистата)

**Септември:**
- 8 Септември – Денот на осамостојување на Македонија (Општина Битола);
- 8 Септември 1942 г.– формирање на Народно-ослободителниот партизански одред Јане Сандански (Општина Битола со Сојуз на борци) ;
- 12 Септември 1942 г. – Загинува Стеван Наумов Стив (Општина Битола положување цвеќе на споменикот на шеталиштето) ;
- 21 Септември – Светски ден на мирот – организиран собир на плоштадот Магнолија во соработка со Општина Битола

**Октомври:**
- 6 Октомври 1944 г. – формирање на 49 Битолска дивизија (Општина Битола со Сојуз на борци) ;
- 11 Октомври 1941 г. – почеток на Антифашистичкото востание во Македонија (Општина Битола во соработка со Сојуз на борци) ;
- 23 Октомври 1893 г. – Формирање на Македонската Револуционерна Организација (Општина Битола) ;
- 28 Октомври 1921 г. – Роден е Димитар Николовски (Таки Даскало);
- 29 Октомври 1940 г. – роден е Димитрија Чуповски (Општина Битола - пригодно предавање);

**Ноември:**
- 4 Ноември 1944 г. – Ослободување на градот Битола (Општина Битола во соработка со сојуз на борци) ;
- 8 Ноември 1901 г. – Родена е Професорката Ангелина Ташкова;
- 18 Ноември 1944 г. – формирање на Првата Македонско-Егејска Народноослободителна бригада (Општина Битола со Сојуз на борци) ;
- 28 Ноември 1907 г. – убиен е Борис Сарафов (Општина Битола- пригодно предавање);

**Декември:**
- 8 Декември – денот на "Св. Климент Охридски" (Општина Битола во соработка со Универзитетот и Библиотеката);
- 18 Декември – Св. Нектариј Битолски;
- 23 Декември 1906 г. – Смртта на Дамјан Груев (Општина Битола во соработка со „Здружение на Граѓани за заштита на ликот и делото на Дамјан Груев").

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

| | |
|---|---|
| Бр.07-390/4 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 28.02.2011 г. | на Советот на Општината Битола |
| Б и т о л а | Лилјана Кузмановска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член

54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2011 год.

1. Ја објавувам Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Битола за 2011 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.02.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-476/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 22 точка 9 од Статутот на Општина Битола (“Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 45 и член 46 од Законот за градежно земјиште (“Службен весник на РМ“ бр.82/08; бр.143/08 и бр.56/10), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 28.02.2011 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2011 год.

Оваа Програма претставува континуитет на преземените активности за уредување на градежното земјиште од претходните години, а во согласносност со донесениот Генерален план и детални урбанистички планови за Општина Битола.

Со Програмата особено се утврдуваат:

- Подрачјата на кои ќе се врши уредување на градежното земјиште;
- Обемот на уредувањето и степенот на опремување на земјиштето со комунални објекти и инсталации;
- Извори на финансирање на уредувањето;
- Пресметка на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- Начин на здружување и насочување на средствата за уредување;
- Динамика и мерки за извршување на Програмата.

И покрај тоа што се дефинирани обврските за уредување на градежното земјиште со оваа Програма, истата е отворена за измени и дополнувања и во неа можат да бидат вградени и евентуални други задачи доколку има потреба и се создаваат услови за нивна ургентна реализација во текот на 2011 год.

### ПОДРАЧЈА НА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ УРЕДУВАЊЕТО

Во 2011 год. уредувањето на градежното земјиште ќе се врши според оваа Програма, а ќе бидат опфатени повеќе локации во градот и тоа:

- локалитети на кои треба да се отпочне со градба оваа година;
- локалитети на кои ќе се регулираат обврските од претходните години;
- локалитети на кои ќе се вршат припремни работи за објектите кои ќе се градат во 2011 год. и наредните години.

Поблиските податоци за подрачјата на кои ќе се врши уредувањето на градежното земјиште се дадени во поглавјето „Обем на уредувањето и степен на опремувањето на земјиштето со комунални објекти и инсталации.“

### ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА УРЕДУВАЊЕТО

Извори за финансирање на уредувањето на градежното земјиште се утврдени согласно Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето („Сл.гласник на Општина Битола„ бр.2/10).

# ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ОПШТИНА БИТОЛА за 2011 год.

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА
**за уредување на градежното земјиште на Општина Битола**

| ред. бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 717137 | Надоместок за уредување на градежното земјиште | 75.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **75.000.000,00** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
**на Програмата за уредување на градежното земјиште**
**2011 год**

| Ред.бр. | Шифра | Планирани работи за изведување | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 482120 | Изградба на улици | 11.000.000,00 |
| 2 | 482720 | Изградба на капацитети за водоснабдување | 6.663.148,00 |
| 3 | 482200 | Изградба на мостови | 0,00 |
| 4 | 485420 | Трошоци за одземено земјиште | 12.000.000,00 |
| 5 | 482320 | Изградба на пречистителни станици и колекторски системи | 5.000.000,00 |
| 6 | 482 (110,310, 410,710,810,910 | Изработка на проектна документација | 11.200.000,00 |
| 7 | 482820 | Изградба на капацитети за енергетиката | 3.000.000,00 |
| 8 | 482920 | Изградба на други објекти | 2.000.000,00 |
| 9 | 482940 | Надзор над изградбата | 200.000,00 |
| | | | 51.063.148,00 |

## А. ОД НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

### А1. КОЛЕКТИВНА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

❖ СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БЛР 1 (над каналот)
- изградба на две станбени згради со катност П+4

❖ СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БР. 4
- Изградба на црква со катност П

❖ СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БР. 8
- изградба на три станбени кули во „Областа“ од П+8; П+9 и П+10 со продавници во приземјето

❖ СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА „ДАМЕ ГРУЕВ“ НА АГОЛОТ ОД ул.„ЖЕЛЕЗНИЧКА“ И Р. ДРАГОР КАЈ НОВИОТ МОСТ
- изградба на две станбени згради П+4
- изградба на две станбени згради П+4 со две ламели

❖ ДУП „АРМ ЧЕТВРТ 1, АРМ ЧЕТВРТ 2, АРМ ЧЕТВРТ 3“ – БИТОЛА

### А2. ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА ИЗГРАДБА

❖ БРУСНИЧКО-ЛАВЧАНСКИ РЕГИОН 1;2;3;4 ДЕЛ И БУКОВСКИ ЛИВАДИ 1 И 2
- изградба на индивидуални станбени згради

❖ СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА ГОРНО ОРИЗАРИ 2;
СТРЕЖЕВСКА НАСЕЛБА
- изградба на индивидуални станбени згради

❖ СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА УШИЦИ 1 ДЕЛ
- изградба на индивидуални станбени згради

❖ ПАРЦЕЛИЗАЦИЈА ПОСТОЕН ДЕЛ ОД ГРАДОТ
- изградба на индивидуални станбени згради
- доградби и надградби
- реконструкција на станбени згради

❖ СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА 1, МОДУЛ 1 НАС. ДОВЛЕЏИК
- изградба на индивидуални станбени згради

❖ МЕСНАНА ЗАЕДНИЦА „ДАМЕ ГРУЕВ“ УРБАН БЛОК 18
- изградба на индивидуални станбени згради

❖ ДУП “АРМ ЧЕТВРТ 1, АРМ ЧЕТВРТ 2, АРМ ЧЕТВРТ 3“ - БИТОЛА

### А3. ИЗГРАДБА НА ИНДИВИДУАЛНИ ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ

❖ БРУСНИЧКО-ЛАВЧАНСКИ РЕГИОН 1;2;3 ДЕЛ; Г. ОРИЗАРИ 2 И ПОСТОЕН ДЕЛ ОД ГРАДОТ
- изградба на индивидуални деловни простории од П и П+1

❖ СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА „СТРЧИН“
- изградба на приземни деловни објекти

❖ СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА ИНДУСТРИСКА ЗОНА (Гоце Радосављевиќ)
- изградба на деловни објекти (услужни сервиси) приземни

❖ ДУП ЗА ДЕЛ ОД РАБ. ЗОНА СЕВЕРНО ОД ПАТОТ БИТОЛА-НОВАЦИ
- изградба на деловни објекти (услужни сервиси)

❖ ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ ВО ДОВЛЕЏИК НАД БЕНЗИСКАТА ПУМПА
- изградба на деловни објекти

❖ ДУП ЗА УШИЦИ БЛОК 5 БИТОЛА
- изградба на деловни објекти

❖ ДУП “АРМ ЧЕТВРТ 1, АРМ ЧЕТВРТ 2, АРМ ЧЕТВРТ 3“ - БИТОЛА

### А4. ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ

❖ ИЗГРАДБА НА БЕНЗИСКИ ПУМПИ
- на локации одредени со ГУП и ДУП

❖ ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПО СЕЛСКИ НАСЕЛБИ КАДЕ ИМА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ РЕШЕНИЈА

❖ УРЕДУВАЊЕ НА КОРИТОТО НА Р. ДРАГОР–ТРОТОАРИТЕ И УЛИЦАТА
- средствата ќе се обезбедат од повеќе извори

❖ ДОВРШУВАЊЕ НА УЛИЦА „ЖЕЛЕЗНИЧКА“ ЗАЕДНО СО ТРОТОАРИ И ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ
- средствата ќе се обезбедат од повеќе извори

❖ ДОВРШУВАЊЕ НА ГРАДСКИ ПАРК
- средствата ќе се обезбедат од повеќе извори

❖ ИЗГРАДБА НА ТОПЛАНА
- средствата ќе се обезбедат од повеќе извори

❖ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКОТО ШЕТАЛИШТЕ – ДО ЗАВРШУВАЊЕ
- средствата ќе се обезбедат од повеќе извори

- ДУП „АРМ ЧЕТВРТ 1, АРМ ЧЕТВРТ 2, АРМ ЧЕТВРТ 3“ – БИТОЛА (бензиска пумпа, катни гаражи, енергетски објекти и инфраструктурни објекти)

**А5. ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА**

**А6. ИЗГРАДБА НА ИНДУСТРИСКИ КОПЛЕКС „ЖАБЕНИ“**

**Б. ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ СО СРЕДСТВА ДОДЕЛЕНИ ОД ВЛАДАТА НА РМ СО ДОПОЛНИТЕЛНО КОФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

- АВТОПАТСКИ ВЛЕЗ ОД Г.ОРИЗАРИ ВО БИТОЛА

- ИНФРАСТРУКТУРА ВО ИНДУСТРИСКА ЗОНА „ЖАБЕНИ“

## ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ

Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши во зависност од динамиката на приливот на средствата, во обем и степен предвиден со оваа Програма и тоа со основни и секундарни инфраструктурни објекти.

**1. КОЛЕКТИВНА СТАНБЕНА И ДЕЛОВНА ИЗГРАДБА**

**1.1. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БР. 1**

- НАСЕЛБА ДОВЛЕЏИК – МОДУЛ 1
  - изградба на улична мрежа плато

    **м² 9.000,00 x 2.000,00 = 18.000.000,00**

  - изградба на улично осветление

    **= 1.000.000,00**

  - изградба на водоводна мрежа

    **м´ 1.500,00 x 4.000,00 = 6.000.000,00**

  - изградба на канализациона мрежа

    **м´ 2.400,00 x 4.500,00 = 10.800.000,00**

    **Вкупно: = 35.800.000,00**

**1.2. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА БР. 5**

- изградба на улици

  **м² 1.000,00 x 2.000,00 = 2.000.000,00**

### 1.3. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА „ДАМЕ ГРУЕВ“

❖ ЗА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ВО „ЈЕНИ МААЛЕ“

- изградба на улична мрежа

  **м² 3.350,00 x 2.000,00 = 6.700.000,00**

- изградба на канализација Ф 300

  **м´ 320,00 x 4.500,00 = 1.440.000,00**

- изградба на водовод Ф 100

  **м´ 340,00 x 4.000,00 = 1.360.000,00**

- изградба на улично осветление

  **= 3.000.000,00**

**Вкупно: = 12.500.000,00**

### 1.4. ДУП „АРМ ЧЕТВРТ 1, АРМ ЧЕТВРТ 2, АРМ ЧЕТВРТ 3“ – БИТОЛА

- изградба на улици

  **м² 1000,00 x 2.000,00 = 2.000.000,00**

- изградба на фекална канализација

  **м´ 300,00 x 4.500,00 = 1.350.000,00**

- изградба на водовод

  **м´ 300,00 x 4.000,00 = 1.200.000,00**

- изградба на улично осветлување

  **= 500.000,00**

**Вкупно: = 5.050.000,00**

## 2. ИНДИВИДУАЛНА СТАНБЕНА И ДЕЛОВНА ИЗГРАДБА

### 2.1. ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ВО БЛР 1;2;3;4 ДЕЛ

❖ ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

- изградба на улична мрежа

  **м² 500,00 x 2.000,00 = 1.000.000,00**

- изградба на фекална канализација

  **м´ 100,00 x 4.500,00 = 450.000,00**

- изградба на атмосферска канализација

  **м´ 3.200,00 x 3.100,00 = 9.920.000,00**

- изградба на водовод Ф 100

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м´** | **100,00** | **x** | **4.000,00** | **=** | **400.000,00** |
| | | | **Вкупно:** | **=** | **11.770.000,00** |

❖ ИЗГРАДБА НА ОБОДЕН КАНАЛ И ОФОРМУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКО КОРИТО

**= 1.000.000,00**

### 2.2. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА – ГОРНО ОРИЗАРИ 2 ДЕЛ

❖ ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ВО СТРЕЖЕВСКА НАСЕЛБА

- изградба на улична мрежа

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м²** | **1000,00** | **x** | **2.000,00** | **=** | **2.000.000,00** |

- изградба на фекална канализација

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м´** | **300,00** | **x** | **4.500,00** | **=** | **1.350.000,00** |

- изградба на атмосферска канализација

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м´** | **300,00** | **x** | **3.100,00** | **=** | **930.000,00** |

- изградба на водовод Ф 100

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м´** | **300,00** | **x** | **4.000,00** | **=** | **1.200.000,00** |
| | | | **Вкупно:** | **=** | **5.480.000,00** |

### 2.3. СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА - УШИЦИ 1 ДЕЛ

❖ ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

- изградба на улици

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м²** | **2.000,00** | **x** | **2.000,00** | **=** | **4.000.000,00** |

- изградба на канализација

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м´** | **700,00** | **x** | **4.500,00** | **=** | **3.150.000,00** |

- изградба на водовод

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **м´** | **550,00** | **x** | **4.000,00** | **=** | **2.200.000,00** |

- изградба на улично осветление

| | | |
|---|---|---|
| | **=** | **1.000.000,00** |
| **Вкупно:** | **=** | **10.350.000,00** |

## 2.4. ДУП "АРМ ЧЕТВРТ 1, АРМ ЧЕТВРТ 2, АРМ ЧЕТВРТ 3" – БИТОЛА

❖ ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

- изградба на улици

**м² 800,00 x 2.000,00 = 1.600.000,00**

- изградба на фекална канализација

**м´ 200,00 x 4.500,00 = 900.000,00**

- изградба на водовод

**м´ 200,00 x 4.000,00 = 800.000,00**

- изградба на улично осветлување

**= 300.000,00**

**Вкупно: = 3.600.000,00**

## 2.5. ПОСТОЕН ДЕЛ НА ГРАДОТ

❖ ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

- изградба на канализација

**м´ 300,00 x 4.500,00 = 1.350.000,00**

- изградба на водовод

**м´ 300,00 x 4.000,00 = 1.200.000,00**

- интервенција на улично осветление

**= 250.000,00**

**Вкупно: = 2.800.000,00**

❖ ЈАВНИ УСТАНОВИ, ДЕЛОВНИ ЗГРАДИ И ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

- Изградба на топлификациона мрежа-топловод на ул.,,Бул.1ви Мај,, Битола со траса од Дом за народно здравје-стар Водовод Битола со Л=739,00м во износ:

**Вкупно: = 2.000.000,00**

## 2.6. БУКОВСКИ ЛИВАДИ 1;2;3 ДЕЛ

❖ ИНДИВИДУАЛНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

- изградба на улици

**м² 1.200,00 x 2.000,00 = 2.400.000,00**

- изградба на канализација

**м´ 250,00 x 4.500,00 = 1.125.000,00**

- изградба на водовод

**м´ 100,00 x 4.000,00 = 400.000,00**

**Вкупно: = 3.925.000,00**

## 2.7. ИЗГРАДБА НА СТАНБЕНО-ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

❖ ИЗГРАДБА НА СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА СТРЧИН

- изградба на улична мрежа

**м² 2.500,00 x 2.000,00 = 5.000.000,00**

- изградба на фекална канализација

**м´ 350,00 x 4.500,00 = 1.575.000,00**

- изградба на атмосферска канализација

**м´ 1.000,00 x 3.100,00 = 3.100.000,00**

- изградба на водовод

**м´ 350,00 x 4.000,00 = 1.400.000,00**

- изградба на улично осветлување

**= 500.000,00**

**Вкупно: = 11.575.000,00**

❖ ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР СЕВЕРНО ОД ПАТОТ БИТОЛА - НОВАЦИ

- изградба на улична мрежа

**м² 2.000,00 x 2.000,00 = 4.000.000,00**

- изградба на фекална и атмосферска канализација

**м´ 1.200,00 x 4.800,00 = 5.760.000,00**

- изградба на водовод

**м´ 100,00 x 4.000,00 = 400.000,00**

- изградба на улично осветление

**= 6.000.000,00**

**Вкупно: = 16.160.000,00**

❖ ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА ПАТОТ БИТОЛА – ГРЧКА ГРАНИЦА – МАЛО СТОПАНСТВО с. КРАВАРИ

- изградба на канализација

**м´ 800,00 x 4.500,00 = 3.600.000,00**

- изградба на водовод

**м´ 1.000,00 x 4.000,00 = 4.000.000,00**

**Вкупно: = 7.600.000,00**

## 2.8. ЗА ОБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО ГУП

- изградба на улици

**м² 2.000,00 x 2.000,00 = 4.000.000,00**

- изградба на канализација

**м´ 200,00 x 4.500,00 = 900.000,00**

- изградба на водовод

**м´ 300,00 x 4.000,00 = 1.200.000,00**

- изградба на улично осветление

**= 500.000,00**

**Вкупно: = 6.600.000,00**

## 2.9. ЗА ОБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО УП во населено место-рурални средини

- изградба на улици

**м² 2.000,00 x 2.000,00 = 4.000.000,00**

- изградба на канализација

**м´ 1.000,00 x 4.500,00 = 4.500.000,00**

- изградба на водовод

**м´ 1.000,00 x 4.000,00 = 4.000.000,00**

- изградба на улично осветление

**= 500.000,00**

**Вкупно: = 13.000.000,00**

Кога би се реализирала Програмата во целост во 2011 г. би се извела следната инфраструктура:

| ред.бр. | Степен на опременост - изведба | | количина | Вкупно (ден.) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Улици – коловози | м² | 28.350,00 | 56.700.000,00 |
| 2 | Фекал. и атмосф. канализација | м´ | 12.920,00 | 53.200.000,00 |
| 3 | Водоводна инсталација | м´ | 5.840,00 | 23.360.000,00 |
| 4 | Улично осветлување | | | 13.550.000,00 |
| 5 | Топловод | | | 2.000.000,00 |
| | | | Вкупно: | 151.210.000,00 |

## ПРЕСМЕТКА НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И СТЕПЕНОТ НА УРЕДЕНОСТ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Пресметката на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и степенот на уреденост на градежното земјиште се утврдува согласно Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, надоместокот и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на градежното земјиште. („Сл.гласник на Општина Битола“ бр.2/10 и „Сл.весник на РМ“ бр. 88/09 )

Обемот и степенот на уредување и опремување на градежното земјиште со примарни и секундарни инфраструктурни објекти преставува:

1. Опремување на земјиштето со основни инфраструктурни објекти во кои спаѓаат:

- Основни градски сообраќајници (магистрални и примарни)
- магистрални и примарни водоводи за довод на вода во населбите и други водоснабдителни објекти
- колектори на одвод на фекална и атмосферска вода и пречистителни станици

Наведените работи учествуваат со **15 %** од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

2. Опремување на земјиштето со секундарни инфраструктурни објекти до парцела во кои спаѓаат:

- Експропријација 10 %
- Изработка на долен строј на улица 16 %
- Изработка на горен строј 18 %
- Изградба на фекална канализација 15 %
- Изградба на атмосферска канализација 10 %
- Изградба на водоводна мрежа 13 %
- Поставување на улично осветлување 3 %

Наведените работи преставуваат **85%** од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

Упросечениот надоместок за уредување на градежното земјиште по 1 м$^2$ изградена корисна површина со почетен (базен) износ за месец Јануари 2011 год. се утврдува како следува:

### 1. ГРАДСКИ РЕОН

<u>Колективна и индивидуална станбена изградба</u>

- Екстра зона …….. 2.400,00 ден.
- I ва зона …………2.125,00 ден.
- II ра зона …..……1. 913,00 ден.
- III та зона ……..…1.700,00 ден.

<u>Деловен простор</u>

- Екстра зона …..….3.900,00 ден.
- I ва зона …………3.500,00 ден.
- II ра зона …...……3.150,00 ден.
- III та зона ……..…2.835,00 ден.

На корисник на градежно земјиште кој со решение од надлежен орган има градежно неуредено земјиште за изградба на стопански објекти (производни хали и магацини), има право уредувањето да го изврши во согласност со Правилник за начинот и постапката за уредување на градежно земјиште во Општина Битола во случаеви на самоуредување од страна на инвеститорите и Елаборат за економската оправданост за самоуредувањето („Сл. Гласник на Општина Битола“ бр. 18/07).

Трошоците на работата на комисијата ги сноси корисникот на градежното земјиште.

Надзор и давањето на потврда за степенот на опремувањето и обемот на уредувањето го врши Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола согласно чл. 22 точка 12 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02); Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр.130/09 и бр.124/10); Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината за трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл.гласник на Општина Битола“ бр. 2/10 и „Сл.весник на РМ“

бр. 88/09) и Правилник за начинот и постапката за уредување на градежно земјиште во Општина Битола во случаеви на самоуредување од страна на инвеститорите и Елаборат за економската оправданост за самоуредувањето („Сл. Гласник на Општина Битола“, бр.18/07).

## 2. ПРИГРАДСКИ РЕОН

За руралните средини кои влегуваат во состав на Општина Битола (според законот за децентрализација) важат истите предвидени услови со оваа Програма за уредување на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште во приградскиот реон се утврдува согласно Одлуката за измени и дополнување на одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола (Сл. Гласник бр.16/06).

Во приградски реон влегуваат сите урбани заедници и населени места (селски населби) на подрачјето на Општина Битола за кои постои урбанистичка документација (Општ акт или Урбанистички план за населено и вон населено место или Детален урбанистички план).

Висината на надоместокот за уредување и опремување на градежното земјиште согласно моменталната состојба на степенот на уреденост на градежното земјиште во селските населби по 1м² изградена корисна површина, а како почетен износ за месец Јануари 2011 година е следен:

- Висината на трошоците за изградба на локална патна мрежа и улично осветлување изнесуваат 15 % од:

| Станбена изградба | Деловен простор |
|---|---|
| 3-та зона - 1.700,00 ден. | 3-та зона – 2.835,00 ден. |

- Висината на трошоците за изградба на локална патна мрежа, улично осветлување и водоводна мрежа која е одржувана од ЈП „Водовод“ Битола изнесуваат 17 % од:

| Станбена изградба | Деловен простор |
|---|---|
| 3-та зона - 1.700,00 ден. | 3-та зона – 2.835,00 ден. |

- Висината на трошоците за изградба на локална патна мрежа, улично осветлување, водоводна мрежа која е одржувана од ЈП „Водовод“ Битола и канализациона мрежа која е одржувана од КЈП „Нискоградба“ Битола изнесуваат 19 % од:

| Станбена изградба | Деловен простор |
|---|---|
| 3-та зона - 1.700,00 ден. | 3-та зона – 2.835,00 ден. |

## НАЧИН НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Здружувањето на средствата за уредување на градежното земјиште за реализација на оваа Програма се врши согласно чл.6 од Одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола („Сл. Гласник на Општина Битола“ бр.03/94); согласно чл.1 од Одлуката за измени и дополнување на одлуката за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола („Сл. Гласник на Општина Битола“ бр.16/06) , Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината за трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл.гласник на Општина Битола“ бр.2/10 и„Сл.весник наРМ“ бр.88/09 )и Правилник за начинот и постапката за уредување на градежно земјиште во Општина Битола во случаеви на самоуредување од страна на инвеститорите и Елаборат за економската оправданост за самоуредувањето („Сл. Гласник на Општина Битола„ бр.18/07).

## ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Уредувањето на градежното земјиште претставува континуиран процес кој се одвива во повеќе години и создава процеси и можности за иден развој на градот, поради што повеќефазно со годишните програми се разрешуваат одредени потреби од уредувањето на градежното земјиште.

Во смисла на горното, а од причини што финансирањето се врши од познати и непознати инвеститори, динамиката на извршувањето на работите во уредувањето на градежното земјиште ќе зависи од:

- динамика на приливот на средства преку надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- до следната примена на роковите предвидени во Законот за Општа управна постапка и останатите законски прописи што учествуваат во регулирањето на оваа област;
- благовремено распишување на конкурси за доделување на земјиштето;
- благовремената реализација на елаборатите за експропријација;
- навремено изготвување на урбанистичко-техничка документација;

За успешно реализирање на Програмата треба сите учесници, Општина Битола заедно со Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежното земјиште, Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина на Советот на Општина Битола, Комисијата за комунални дејности на Советот на Општина Битола, Органот за имотно правни работи во Министерството за финансии, Јавните комунални претпријатија, и Инвеститорите треба да го дадат максималниот придонес во рамките на своите надлежности и права.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-390/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.02.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улици во Општина Битола за 2011 год.

1. Ја објавувам Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улици во Општина Битола за 2011 год., донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 28.02.2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-476/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.03.2011 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола- бр. 10/05), а во врска со член 45 и 46 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 82/08 и 143/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.02.2011 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за одржување на комунални објекти и инсталации, локална патна мрежа и улици во Општина Битола за 2011 год.

Со програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата претставува континуитет на работите од претходните програми и обврски што треба да бидат завршени во 2011 година.

Сите улици кои биле во приоритетната листа во Програмата за 2010 година, а не се завршени во тековната година се составен дел на оваа програма.

## ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
## На програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2011 година

### ПЛАНИРАНА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА Агенција за патишта на РМ

| Ред. бр. | Расходи | | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | Одржување на улици во зимски период | 30% | 3.278.383,80 |
| 2 | Одржување и реконструкција на улици (вклучено еи крпење на ударни дупки) | 30% | 3.278.383,80 |
| 3 | Изградба на нови улици и патишта (исклучиво горен строј) | 40% | 4.371.178,40 |
| | | **ВКУПНО:** | **10.927.946,00** |

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
### на Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2011 година

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | | Планирани средства од Буџетот на општината | **106.224.111,00** |
| | | | |
| 2 | (717)111, 112;115;132 | Надоместоци од комунална дејност | **46.200.000,00** |
| | 129;131;133,138 | | |
| | (718)134,138 | | |
| 3 | 742115 | Приходи од донации | **0,00** |
| 4 | | Трансфери од буџетот на Агенцијата за | **10.927.946,00** |
| | | државни патишта на РМ | |
| | | **ВКУПНО:** | **160.652.057,00** |

# ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

## на Програмата за одржување на комунални објекти, инсталации, локални патишта и улици во Битола 2011 год

| Ред.бр. | Шифра | Планирани работи за изведување | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 482130 | **Реконструкција на улици и инфраструктура,** | **74.436.778,00** |
| | **(JD)482130** | **Изградба и реконструкција на улици и инфраструктура (трансфер од Агенција за државни патишта** | **10.927.946,00** |
| | | **ВКУПНО:** | **85.364.724,00** |
| | | Реконструкција на улици и инфраструктура, | 60.239.514,00 |
| | | Одржување на улици во зимски услови | 7.697.264,00 |
| | | Одржување на регулиран ток на р.Драгор (Кејски зидови и корито) | 2.500.000,00 |
| | | Крпење на ударни дупки | 4.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **74.436.778,00** |
| 2 | **(J6)482130** | **Регулирање на режим на сообраќај** | **5.400.000,00** |
| | | Одржување на хоризонтална сигнализација (зебра +подолжна линија) | 2.200.000,00 |
| | | Одржување на вертикална сигнализација (знаци и патоказни табли) | 2.000.000,00 |
| | | Одржување и дооформување на постоечка светлосна сигнализација-семафори, сија и столбо) | 1.200.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **5.400.000,00** |
| 3 | 482930 | **Реконструкција на други објекти** | **12.000.000,00** |
| 4 | 482830 | **Реконструкција на капацитети во енергетиката** | **5.599.719,00** |
| 5 | 482230 | **Реконструкција на мостови** | **10.000.000,00** |
| 6 | 482730 | **Реконструкција на капацитети во водостопанството** | **20.187.583,00** |
| 7 | 482330 | **Реконструкција на канализациони-колекторски системи** | **21.400.031,00** |
| 8 | 482940 | **Надзор над изградбата** | **700.000,00** |
| | | | **160.652.057,00** |

Средствата во висина од **10.927.946,00 денари** кои се определени од Агенцијата за државни патишта на РМ се распределуваат на начин како што претходно потенциравме.

Средствата од точка 3 вложени на објекти кои се дефинирани со листа на објекти која е како ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2 се составен дел на оваа програма.

Расходите за одржување и изградба на улици, канализација-колекторскиот систем и капацитетите во водоснабдувањето ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата и утврдената листа на приоритетните објекти.

Листите за приоритетни објекти ја утврдува Советот на општината и е составен дел на оваа Програма (ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2).

## 1. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола. Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште врши координација во реализација на објектите од приоритетната листа согласно чл.22 точка 12 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр 5/02) и Законот за градење („Сл. Весник на РМ" бр.130/09).
- За руралните средини кои влегуваат во состав на Општина Битола (со процесот на децентрализацијата) е изготвен преглед на позиции кои се опфатени со оваа Програма и се дадени во ПРИЛОГ 2.
- Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2012 г. и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-390/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
28.02.2011 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

# ПРИЛОГ 1
## АКТИВНОСТИ ЗА
## УРЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ГРАДСКИ НАСЕЛБИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА
## за 2011 год.

| ПРИОРИТЕТ | Ред. Бр. | УЛИЦИ | опис | водовод m´ | водовод сума (ден) | опис | канализација m´ | канализација сума (ден) | опис | коловоз m² | коловоз сума (ден) | ВКУПНА СУМА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | МЗ Тодор Ангелевски | | | | | | | | | | |
| II | 1 | Панде Кајзеро | | | | | | | коловоз | | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| I | 2 | Христијан Карпош | | | | | | | коловоз | | 300.000,00 | 300.000,00 |
| I | 3 | Широка | | | | | | | коловоз | | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| | | МЗ Ѓорѓи Наумов | | | | | | | | | | |
| I | 4 | 21-ва | | | | канализација | | 550.000,00 | | | | 550.000,00 |
| I | 5 | 22-ра | | | | канализација | | 280.000,00 | коловоз | | 730.000,00 | 1.010.000,00 |
| I | 6 | 23-та | | | | | | | коловоз | | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| | | МЗ Гени Мале | | | | | | | | | | |
